Универзитет „Гоце Делчев" - Штип

# УНИВЕРЗИТЕТСКИ БИЛТЕН

Број 344, 15 мај 2024 година

мај 2024 година
Штип

# СОДРЖИНА

**РЕЦЕНЗИЈА**
**НА РАКОПИСОТ СО НАСЛОВ „ИТАЛИЈАНСКАТА КНИЖЕВНОСТ НА БАРОКОТ, ПРОСВЕТИТЕЛСТВОТО И НЕОКЛАСИЦИЗМОТ" ОД АВТОРКИТЕ ПРОФ. Д-Р ЕВА ЃОРЃИЕВСКА И ДОЦ. Д-Р ЈОВАНА КАРАНИКИЌ-ЈОСИМОВСКА, ФИЛОЛОШКИ ФАКУЛТЕТ, УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ" ВО ШТИП** ........ **3**

**ПРЕГЛЕД**
**НА ПРИФАТЕНИ ТЕМИ ЗА ИЗРАБОТКА НА ДОКТОРСКИ ТРУДОВИ ОД НАСТАВНО-НАУЧНИОТ СОВЕТ НА ДОКТОРСКИ СТУДИИ НА КАМПУС 3** ........ **7**

**ПРЕГЛЕД**
**НА НАСЛОВИ НА ТЕМИ ЗА ИЗРАБОТКА НА МАГИСТЕРСКИ И СПЕЦИЈАЛИСТИЧКИ ТРУДОВИ ОДОБРЕНИ ОД НАСТАВНО-НАУЧНИОТ СОВЕТ НА ЕДИНИЦАТА** ........ **8**

Издавач:
Универзитет „Гоце Делчев" - Штип
Главен и одговорен уредник: проф. д-р Дејан Мираковски
Уредници: проф. д-р Мишко Цидров, м-р Ристо Костуранов
Уредник на издавачка продукција: проф. д-р Лилјана Колева Гудева
Техничко уредување: м-р Влатко Јовановски дипл. инж.
Лектор: Даница Гавриловска-Атанасовска
Печати: Печатница „2- Август" - Штип
ISSN: 1857- 8497

# РЕЦЕНЗИЈА НА РАКОПИСОТ СО НАСЛОВ „ИТАЛИЈАНСКАТА КНИЖЕВНОСТ НА БАРОКОТ, ПРОСВЕТИТЕЛСТВОТО И НЕОКЛАСИЦИЗМОТ” ОД АВТОРКИТЕ ПРОФ. Д-Р ЕВА ЃОРЃИЕВСКА И ДОЦ. Д-Р ЈОВАНА КАРАНИКИЌ-ЈОСИМОВСКА, ФИЛОЛОШКИ ФАКУЛТЕТ, УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ” ВО ШТИП

Врз основа на одредбите од Статутот и Правилникот за единствените основи за остварување на издавачката дејност на Универзитет „Гоце Делчев” во Штип, како и врз основа на Одлука бр. 1902-47/9 од 280. редовна седница на Наставно-научниот совет на Филолошки факултет, одржана на 14.2.2024 година, избрана е Рецензентска комисија во состав:

- проф. д-р Анастасија Ѓурчинова, Филолошки факултет „Блаже Конески“ при Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, научна област историја на книжевноста на романските народи, според меѓународната Фраскатиева класификација,
- проф. д-р Лучиана Гуидо, Филолошки факултет „Блаже Конески“ при Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, научна област романистика, според меѓународната Фраскатиева класификација,

за изготвување на извештај, рецензија на приложениот ракопис **„ИТАЛИЈАНСКАТА КНИЖЕВНОСТ НА БАРОКОТ, ПРОСВЕТИТЕЛСТВОТО И НЕОКЛАСИЦИЗМОТ**” од **авторките проф. д-р Ева Ѓорѓиевска и доц. д-р Јована Караникиќ-Јосимовска,** наменет за студентите на прв циклус студии на Филолошки факултет при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип.

Ракописот со наслов „ИТАЛИЈАНСКАТА КНИЖЕВНОСТ НА БАРОКОТ, ПРОСВЕТИТЕЛСТВОТО И НЕОКЛАСИЦИЗМОТ” припаѓа во научната област историја на книжевноста на романските народи според меѓународната Фраскатиева класификација.

По прегледот на ракописот, Комисијата до Наставно-научниот совет на Филолошки факултет го поднесува следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

**Општи податоци за ракописот:** Учебникот со наслов „Италијанската книжевност на барокот, просветителството и неокласицизмот“ од авторките проф. д-р Ева Ѓорѓиевска и доц. д-р Јована Караникиќ-Јосимовска претставува коавторска книга со селектиран материјал, адаптиран на содржините од предметот *Италијанската книжевност на барокот, просветителството и неокласицизмот*, кој студентите запишани на студиската програма Италијански јазик и книжевност на Филолошки факултет при Универзитет „Гоце Делчев“-Штип го слушаат во третиот семестар со фонд на часови 2+2+1. Учебникот опфаќа еден период од дијахрониската целина која ја следи етапно историјата на италијанската книжевност од нејзините почетоци па сѐ до современата литература и има за цел да им ги предочи на студентите спецификите на секој период од италијанската литература и култура, да ги запознае со делата и достигнувањата на најзначајните претставници на соодветниот период. Авторките на почетокот од трудот приложуваат содржина од која се гледа распоредот на програмата што ја следи ракописот, на таков начин што наставните единици се методолошки распределени за да одговорат на конкретните барања на предметот кој се изучува.

**Податоци за обемот на ракописот:** Ракописот содржи 150 страници во А4 формат кои структурно се поделени на три поглавја во согласност со периодот на распределба на понудениот материјал: А. Барок, Б. Просветителство, В. Неокласицизам. Така поделениот материјал би им овозможил на студентите постепено совладување на материјата од предметот и нејзино ситуирање во историската рамка на италијанската книжевност предвидена во текот на студиите. Трудот располага со одлична селективност во однос на содржините кои ги опфаќа споменатиот период, правејќи синтеза на она што секој иден италијанист би требало да го има како културолошка основа во својата професија. Во исто време, начинот на којшто е изложена материјата би им овозможил на студентите сеопфатен пристап во изучувањето на литературата, не само увид во нејзината историчност, туку и задржување на конкретни дела од споменатиот период кои се подложни на длабинска анализа. На крајот од трудот е понудена и библиографија која би можела да послужи за понатамошно продлабочување на сознанијата од областа, а исто така и апликативна литература во вид на изворни поетски, прозни и драмски дела од споменатите автори на изучување.

**Податоци за постоење на сличен или ист наслов:** Значењето на ракописот е несомнено, со оглед на фактот што во моментов не постои сличен учебник на македонски јазик кој се занимава со оваа проблематика, па токму овој ракопис ги синтетизира знаењата од италијанската релевантна литература и ги прави подостапни за студентите.

Во 2014 година, во почетните години на својата наставна кариера, авторките објавуваат скрипта и практикум за истоимениот предмет. Но, овој пат, учебникот ги вклучува знаењата од досегашното искуство и ги поврзува предавањата со вежбите, овозможувајќи значителен континуитет во совладувањето на наставните единици. Учебникот е надграден со теориски материјал, со слики, со извадоци од оригинални текстови и содржи преводи.

**Краток опис на содржината:** Првиот дел на ракописот, **А. Барок**, започнува со воведна содржина во која се опфатени општествените и историските околности во 17 век, кога се јавува стилската формација барок во уметноста. Освен политичката и економската состојба, како клучни теми кои го поврзуваат историскиот период со културните случувања се издвоени центрите на култура во Италија, состојбата во образованието и јазичната политика на Италија.

Во понатамошниот тек, учебникот е структуриран според поделбата што ја прават авторките на филозофски, научен, литературен и историски барок. Како претставници на филозофскиот барок се земени Џордано Бруно и Томазо Кампанела, а како претставник на научниот барок се анализира делото на Галилео Галилеј.

Авторките, исто така, ја разгледуваат научно-филозофската проза на периодот, при што е ставен посебен акцент врз извадоци од делата на Бруно: *De l'infinito, universo e mondi, Il Candelaio,* делата на Кампанела: *ll mondo è il libro, A' i poeti, Il mondo è un animal grande e perfetto, La città del Sole: (Concepimento e nascita dei Solari)* и од доменот на научната проза, делата на Галилеј: *La lettera a Cristina di Lorena* (I significati delle Sacre Scrittura e l'autonomia della scienza), *La favola dei suoni* (Il Saggiatore), *Condanna e abiura*.

Во доменот на литературата, поточно поезијата, се дефинира поимот *барок* и се наведуваат неговите конотации во различни временски периоди со поетичките особености.

Авторките ги разгледуваат предиспозициите на маринизмот како дел од барокот и неговиот зачетник Џамбатиста Марино, со извадоци од делата *Elogio della rosa, Notturno sul mare, Donna che si pettina, Palidetto mio sole.* Друг следбеник на маринизмот кој е претставен во учебникот е Чиро ди Перс од кого авторките ја селектираат и обработуваат песната *Orologio da rote.*

Подоцна се дава осврт на противтежата на маринизмот – односно антимаринизмот, главно претставен преку поезијата на Габриело Кјабрера.

Понатаму е прикажан преглед на останатите прозни жанрови во барокот: историографијата, политичката проза, херојскиот и херојско-комичниот еп, романот, новелата, како и дијалектното и народно книжевно творештво.

Првото поглавје се заокружува со презентација на *Commedia dell`arte* како типична книжевна форма претставена во рамки на италијанскиот барок преку свој претставник во ликот на Николо Барбиери, од кого е понуден фрагментот *L'incauto overo L'inavvertito.*

Во вториот дел се најавува просветителството, при што се изнесуваат неговите дефиниции и историско-културниот контекст на појавување. Тука се сместени претставниците од почетокот на XVIII век, наведени се принципите на книжевната школа наречена Аркадија и поетите кои творат во нејзини рамки. Посебен осврт е даден на историчарот и филозоф Џамбатиста Вико и неговата метафизичка концепција за историјата. Од овој автор се разгледуваат извадоци од делото *La scienza nuova.*

Авторките се задржуваат на реформата на мелодрамата која се случува во тој период и на делата од книжевниците Пјетро Метастазио (*Didone Abbandonata*) и Гравина. Се инсистира врз разновидноста на книжевните жанрови во тој период. Подетално се приложени материјали од комедијата на Карло Голдони (*La locandiera*) и поезијата на Џузепе Парини (*Il Giorno*).

Третиот дел се сосредоточува на историските и поетички услови во почетокот на XIX век и најавата на неокласицизмот во литературата. Се разгледуваат особеностите на овој правец во поширок контекст на уметноста и вредностите кои стремат да ги реактуелизираат неокласицистите. Авторките даваат посебен осврт на делото на Винченцо Монти како најзначаен претставник на ова движење. Неокласицизмот ги води авторките и кон разгледување на неговите последици и појавата на пуризмот во италијанската литература со делата на Антонио Чезари и Пјетро Џордани. Ракописот завршува со осврт врз делата на автори кои постепено почнуваат да го насетуваат крајот на неокласицизмот и надоаѓањето на романтизмот во литературата. Преку тоа ракописот остава простор за понатамошна дијахрониска разработка на литературните содржини кои би се изучувале во следните семестри од студиите.

Додека италијанската литература од XIII до XVI век која студентите ја изучуваат во претходниот семестар беше посветена на класиците: Данте, Петрарка, Бокачо, Ариосто, Тасо, овој ракопис наменет за публикување во е-библиотека во вид на учебник по предметот *Италијанската книжевност на барокот, просветителството и неокласицизмот* отвора ново поглавје кон овој не толку широкопознат период на италијанската литература. Оттаму доаѓа и неговата неопходност и значење за наставата на идните италијанисти. Ракописот се служи од една страна со традиционалната наставна метода на селективност и презентација на биографијата на авторите и обележјата од споменатите периоди со намера да им понуди на студентите почетни насоки на истражување во областа.

Од друга страна, како негово дополнување авторките понудуваат вежби со извадоци од оригиналните дела, со прашања и со понудени пристапи на анализа, каде пак методолошката цел е на секоја од темите наведени во овој ракопис да се одговори со конкретна разработка на литературни текстови.

**ЗАКЛУЧОК**

Ракописот на проф. д-р Ева Ѓорѓиевска и доц. д-р Јована Караникиќ претставува труд кој одговара на основните методолошки барања на професијата, нудејќи солиден и иновативен пристап во третирањето на книжевните теми. Ракописот нуди исцрпен осврт на поголем број автори од периодот кој се изучува, а понудените содржини се претставени на начин кој овозможува полесно да се согледаат дистинкциите помеѓу спомenатите културни периоди на изучување. Направен е избор на фрагменти од најпознатите дела на авторите кои се репрезентативни за нивниот опус и од кои може да се следи развојот на италијанската литература од 17 век па сè до почетокот на 19 век.

Исто така, ракописот по својот обем и структура се совпаѓа со начелата на Правилникот за издавачка дејност на Универзитетот. Трудот е од несомнено значење за изучувањето на италијанската литература во С. Македонија, бидејќи претставува прв учебник од овој вид, кој би можел да се користи паралелно со изворната литература на италијански јазик. Ракописот во целост ги исполнува стандардите на издавачката дејност и затоа како Рецензентска комисија му предлагаме на Наставно-научниот совет на Филолошкиот факултет да го прифати трудот за објавување во е-библиотеката на Универзитетот „Гоце Делчев“.

**РЕЦЕНЗЕНТИ**
Проф. д-р  Анастасија Ѓурчинова, с.р.
Проф. д-р Лучиана Гуидо, с.р.

**ПРЕГЛЕД**
**на прифатени теми за изработка на докторски трудови**
**од Наставно-научниот совет на докторски студии на Кампус 3**

| | Број и датум на Одлука за прифаќање на темата | Назив на темата | | Име и презиме на ментори | Име и презиме на студент |
|---|---|---|---|---|---|
| | | На македонски јазик | На англиски јазик | | |
| ФМН | Бр.0206-385/9 од 29.4.2024 г | „Асоцираноста на хиперхомоцистеинемија со крвниот притисок кај пациенти со хронична бубрежна болест“ | „The association of Hyperhomocysteinemia with Blood Pressure in Patients With Chronic Kidney Disease“ | интерен ментор проф.д-р Милка Здравковска, екстерен ментор проф. д-р Кочо Чакалароски | Арт Зулбеари |
| | Бр.0206-385/8 од 29.4.2024 г | „Процена на ендодонтскиот простор кај трајните молари со CBCT-компјутерска томографија“ | „Assesment of the endodontic space in permanent molars with CBCT-computer tomography“ | интерен ментор проф. д-р Ивона Ковачевска, екстерен ментор проф. д-р Лидија Поповска | Ристо Панајоту |
| | Бр.0206-385/7 од 29.4.2024 г | „Студија на активноста на дентални биоматеријали со примена на електрохемиски и микроскопски техники“ | „A study of the activity of dental biomaterials using electrochemical and microscopic techniques“ | интерен ментор проф. д-р Рубин Гулабоски, екстерен ментор, проф. д-р Ерол Шабанов | Павле Апостолоски |
| | Бр.0206-385/3 од 29.4.2024 г | „Компаративна анализа на боја при завршна површинска обработка на метал-керамички и циркониумски фиксно-протетички конструкции во фронтална регија - IN VITRO студија“ | „Comparative analysis of color during final surface processing of metal-ceramic and zirconium fixed-prosthetic constructions in the frontal region – IN VITRO sudy“ | интерен ментор проф. д-р Киро Папакоча, екстерен ментор проф. д-р Мирјана Бошкович | Љубица Прошева-Пеливанова |

**П Р Е Г Л Е Д**
**на наслови на теми за изработка на магистерски и специјалистички трудови одобрени од наставно-научниот совет на единицата**

| Билтен 15.5.2024 година | | | | |
|---|---|---|---|---|
| ФИЛМСКА АКАДЕМИЈА | 1. Симбиоза на музичка и танцова терапија кај лица со попреченост | 2502-48/5 од 29.4.2024 год. | Проф. д-р Рисима Рисимкин | Стефанија Милевска-Враниќ |
| | 2. Важноста на употребата на современа танцова техника и нејзиното имплементирање во репертоарот на Националната опера и балет на Република Северна Македонија | 2502-48/6 од 29.4.2024 год. | Проф. д-р Рисима Рисимкин | Мирјана Поп-Алексова-Атанасовска |